| Б | Реконструкција и проширување на улични мрежи | 1.500.000 |
| В | За нови решенија на улични мрежи | 2.100.000 |
| | **ВКУПНО** | **5.800.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **ЈЗ** | **Експлоатација на мрежи за јавно осветлување** | 46.000.000 |
| **ЈА** | **Изградба на мрежи за јавно осветлување** | 5.800.000 |
| | **ВКУПНО** | **51.800.000** |

**Од причина што се работи за развојна програма 2014-2016 за реализација на оваа програма од буџетот на Општина Охрид за 2014 година ќе се издвојат сретства во висина од 46.000.000 денари.**

**Број 07-8330/11-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2014 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за одржување и користење на јавни паркови и зеленило за 2014 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2014 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за одржување и користење на јавни паркови и зеленило за 2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА J7**
**Одржавање и користење на паркови и зеленило за**
**201**

**„Паркови и зеленило“**

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која треба да се одржува изнесува 74.329 $m^2$.

Површините на јавно зеленило кои треба да се одржуваат по видови изнесуваат:

- паркови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52.965 $m^2$
- скверови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.160 $m^2$
- зеленило долж сообраќајници. . . . . . . . . . . . 16.854 $m^2$
- зеленило во жардињера на Бул.„Туристичка“ 1.350 $m^2$
- парк шуми во вонградско зеленило. . . . . . . . . . 340.000 $m^2$
- дрвореди долж сообраќајници (број на стебла) . 2.378 бр.

Градското зеленило се одржува на површина од 74.329 $m^2$ која е во центарот на градот. Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 $m^2$ се одржува со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 $m^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење ма тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

**ПОВРШИНИ НА ГРАДСКО И ВОНГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО КОИ ЌЕ СЕ ОДРЖУВААТ ВО 2014 ГОДИНА**

**Градско зеленило**

| Реден број | *Подрачје* | *$m^2$* |
|---|---|---|
| 1. | **“Стара бана“** | 100 |
| 2. | **Плоштад** | 2.500 |
| 3. | "Дом на култура"- према езеро | 1.665 |
| 4. | "Дом на култура"- западна страна | 3.300 |
| 5. | “Кеј Маршал Тито“ прелази, тротоари | 18.900 |
| 6. | Сквер на ул.„Јане Сандански“ и „Питу Гули“ | 3.160 |
| 7. | Парк „Мазија“ | 23.000 |
| 8. | Ул.„7-ми Ноември“ | 3.200 |
| 9. | Бул.„Туристичка“ | 13.340 |
| 10. | Жардињера на Бул.“Туристичка“ | 1.350 |
| 11. | Парк пред нас.Рача | 3.500 |
| 12. | Кружен тек на Бул.“Туристичка“ со “АСНОМ“ | 314 |

***Вкупно: 74.329$m^2$***

**Дрвореди**

| Реден број | *Подрачје* | *бр.* |
|---|---|---|
| 1. | **Бул.„Туристичка“** | 1.830 |
| 2. | **ул.„Јане Сандански“** | 90 |
| 3. | ул.„Партизанска“ | 60 |
| 4. | ул.„Димитар Влахов“ | 80 |
| 5. | ул.„Македонски Просветители“ | 80 |
| 6. | Кеј„Маршал Тито“ | 146 |
| 7. | Канал Билјанини извори | 32 |
| 8. | ул.„Марко Цепенков“ | 30 |
| 9. | ул.„АСНОМ“ | 30 |

***Вкупно: 2.378 бр.***

**Вонградско зеленило**

| Реден број | *Подрачје* | *$m^2$* |
|---|---|---|
| 1. | **„Кале“** | 340.000 |

***Вкупно: 340.000 $m^2$***

**ВРЕДНОСТ НА РАБОТНА РАКА ПО ЧАС**

- квалификуван работник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 250,00 ден.
- општ работник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 180,00 ден.

***ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА***

- гребулање на трева пред машинско косење 0,88 ден./$m^2$
- машинско косење на тревник 11,00 ден./$m^2$
- собирање на трева по машинско косење со изнесување собрана трева 3,30 ден./$m^2$
- поливање тревници и грмушки 4,40 ден./$m^2$
- чистење на трева од лист со изнесување 3,30 ден./$m^2$
- садење на цветни површини со ѓубрење и расадување ( вклучен расад ) 44,00 ден./бр.
- прашење и полевање на сезонско цвеќе 40,00 ден./$m^2$
- окопување на дрва и грмушки 38,10 ден./ бр.
- окопување и прашење трендафили 26,00 ден./$m^2$
- кроење трендафили 27,00 ден./бр.
- кроење – режење грмушки 130,00 ден./бр.
- собирање хартија и отпадоци 200,00 ден.

**Напомена:** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавните парковски површини е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.07-5280/4 од 23.09.2013 год.

## КАЛЕНДАР
## ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2014 ГОДИНА

| Вид на операција | Јан.. | Февр. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева<br>- паркови<br>- Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача | | | <br><br>1<br><br><br>1 | <br><br>2<br>1<br>1<br>2 | <br><br>3<br>1<br>1<br>2 | <br><br>3<br>2<br>1<br>2 | <br><br>3<br>2<br>1<br>2 | <br><br>3<br>2<br>1<br>2 | <br><br>2<br>1<br><br>2 | <br><br>1<br><br><br>1 | | | <br><br>18 9<br>5<br>14 |
| Собир.трева по маш. косење со изнес. | | | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | | | 18 |
| Полив. трев.,дрва и грмушки | | | | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 | | | | 12 |
| Чистење трева од лист со изнесување | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Сад. цвет.површ.со опер.ѓубр.и расад. | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Прашење и полев.сезон.цвеќе | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 3 |
| Окоп.дрва и грм. | | | | 1 | | | | | | | | | 1 |
| Окоп.и праш.тренд. | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Кроење-реежење трендафили | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Кроење-режење грмушки | | | | | | | 1 | | | | 1 | | 2 |
| Собир.хартија и отпадоци | 31 | 28 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 365 |

***ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2014 ГОДИНА***

| Вид на операција | Квалиф. | Единица мера | Количи на | Број пати | Вкупна количина |
|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | КВ | $м^2$ | | | |
| - паркови | | | 49.465 | 18 | 726.570 |
| - Бул.„Туристичка“ | | | 13.340 | 9 | 120.060 |
| -ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“ | | | 6.360 | 5 | 31.800 |
| -парк Рача | | | 3.500 | 14 | 49.000 |
| Собир.трева по маш. косење со изнес. | ОР | $м^2$ | 40.365 | 18 | 726.570 |
| Полив. трев.,дрва и грмушки | КВ | $м^2$ | 40.365 | 12 | 484.380 |
| Чистење трева од лист со изнесување | ОР | $м^2$ | 38.000 | 2 | 76.000 |
| Садање цветни површ. Со ѓубрење и расадување | КВ | бр. | 7.000 | 2 | 14.000 |
| Прашење и полев.сезон.цвеќе | КВ | бр. | 7.000 | 3 | 21.000 |
| Окоп.дрва и грм. | ОР | бр. | 2.680 | 1 | 2.680 |
| Окопување и прашење трендафили | ОР | $м^2$ | 1.200 | 4 | 4.800 |
| Кроење- режење трендафили | КВ | бр. | 3.000 | 2 | 6.000 |
| Кроење- режење грмушки | КВ | бр. | 1.300 | 2 | 2.600 |
| Собир.хартија и отпадоци | ОР | дена | 365 | 1 | 365 |

Покрај горенаведените активности, предвидени се и активности околу одржување ( косење на трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки ) и на улици и населби во поширокото градско подрачје.

| **улица** | ***бр.пати*** |
|---|---|
| ул.„АСНОМ“ | **4** |
| ул.„Марко Цепенков“ | **2** |
| ул.„Егејска“ | 2 |
| ул.„Железничка“ | 2 |
| ул.„Гоце Делчев“ | 6 |
| ул.„С.Војвода“ | 3 |
| ул.„15-ти Корпус“ | 3 |
| ул.„Галичица“ | 3 |
| ул .„Н:Карев“ | 3 |
| ул.„Кленоец“ | 3 |
| ул. „А.Маринчев“ | 2 |
| нас.„Х.Узунов“ | 3 |
| нас.„Даљан“ | 5 |
| нас.„Св.Стефан“ | 2 |
| с.Пештани | 2 |
| нас.„Варош“ | 8 |
| Канал на Б.Извори | 3 |
| Сооб.клучка | 5 |
| Спомен парк на Револуција | 2 |
| дворно несто на Општина Охрид | 12 |
| од канал Б.Извори до х.Парк | 3 |
| нас.„Гоце Делчев“ | 3 |
| с.Трпејца | 2 |
| с.Лакочереј | 2 |
| с.Лескоец | 2 |
| с.Велгошти | 2 |
| нас.„Рача“ | 2 |
| нас.„Лагадин“ | 2 |
| | |

**Одржавање на градско зеленило**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | За одржување на градското зеленило ќе се обезбедат средства од буџетот на Општина Охрид | 5.000.000 |

**Реконструкција и одржување на дрвореди на улиците**

| | | |
|---|---|---|
| 2 | реконструкција на дрворедот на ул. „ Партизанска„ | 500.000 |
| 3 | реконструкција на дрворедот на ул. „ Македонски Просветители„ | 500.000 |
| 4 | реконструкција на дрворедот на ул.„ Јане Сандански„ | 500.000 |
| 5 | реконструкција и одржавање на дрвореди на други улици | 500.000 |

**Изградба на нови парковски површини кои ќе бидат инфраструктурно и партерно уредени**

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Подигање на зелени површини низ градот и населбите секаде каде што согласно донесени урбанистичи планови планирано е јавно зеленило | 1.500.000 |
| | Извор на финансирање на програмата е: **Буџет на Општина Охрид** **ВКУПНО** | **8.500.000** |

**Број 07-8330/12-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2014 ГОД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за јавна чистота за 2014 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/13**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2014 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за јавна чистота за 2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/13**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА J4**
**ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2014 ГОДИНА**

Оваа Програма ја спроведува Одделението Јавна Хигиена од Работната единица Комунална Хигиена, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на Оптина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на сметот.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава Програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

*А. Редовни активности:*

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање на хартија и други отпадоци;
- Празнење на корпи за отпадоци;

*Б. Вонредни активности:*

- Чистење на езерото од реса, окрек и трска;
- Прскање и миење на улици во летен период;
- Украсување на градот со знамиња;
- Собирање на угинати животни;
- Метење на паркиралишта на колективни станбени згради;
- Чистење на лист со транспорт;
- Зголемени активности за време на викендите во главната туристичка сезона.

(*) Како јавно прометни површини кои ги одржува ооделението„Јавна чистота“ се подразбираат:

- *Улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта на кои не се наплатува надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, детски игралишта.*

**Организација на извршување на редовни активности**

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна Хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- ♦ **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно и машински;

***Улици од I-ва категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *бр.на корисници* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„7-ми Ноември“ | 356 |
| 2. | ул.„Македонски Просветители“ | 204 |
| 3. | Булевар„Туристичка“ | 1.372 |
| 4. | ул.„Цар Самоил“ | 67 |
| 5. | ул.„Коста Абраш“ | 47 |
| 6. | Кеј„Маршал Тито“ | 196 |
| 7. | ул.„Партизанска“ | 480 |
| 8. | ул.„Димитар Влахов“ | 381 |
| 9. | ул.„Гоце Делчев“ | 443 |
| 10. | станбен комплекс „Даљан“ | 477 |
| 11. | ул.„Јане Сандански“ | 447 |
| | **Вкупно:** | **4.472** |

- ♦ **II категорија**: влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се мијат** секој втор ден, а се метат рачно и машински;

***улици од II-ра категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *бр. на корисници* |
|---|---|---|
| 1. | ул..„11-ти Октомври“ | 22 |
| 2. | ул.„8-ми Септември“ | 134 |
| 3. | ул.„Димче Маленко“ | 8 |
| 4. | ул.„Аргир Маринчев“ | 20 |
| 5. | **ул.„АСНОМ“** | 124 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **ул.„Билјанини Извори“** | 193 |
| 7. | **ул.„Богомилска“** | 372 |
| 8. | **ул.„Боро Шаин“** | 35 |
| 9. | **ул.„Браќа Миладиновци“** | 37 |
| 10. | **ул.„Бранко Шотра“** | 22 |
| 11. | **Бул.„Туристичка“** | 783 |
| 12. | **ул.„Даме Груев“** | 1.067 |
| 13. | **ул.„Егејска“** | 178 |
| 14. | **ул.„Галичица“** | 377 |
| 15. | **ул.„Григор Прличев“** | 37 |
| 16. | **ул.„Христо Узунов“** | 21 |
| 17. | **ул.„Илинденска“** | 62 |
| 18. | **ул.„Ванчо Николески“** | 103 |
| 19. | **ул.„Карпош Војвода“** | 43 |
| 20. | **ул.„Кирил и Методи“** | 89 |
| 21. | **ул.„Климентов Универзитет“** | 119 |
| 22. | **ул.„Кочо Рацин“** | 55 |
| 23. | **ул.„Крсте Мисирков“** | 34 |
| 24. | **ул.„Кузман Јосифоски“** | 135 |
| 25. | **ул.„Кузман Капидан“** | 76 |
| 26. | **ул.„Кузман Шапкарев“** | 29 |
| 27. | **ул.„Лазо Трпоски“** | 122 |
| 28. | **ул.„Марко Несторoски“** | 256 |
| 29. | **ул.„Методи Патчев“** | 21 |
| 30. | **ул.„Мирче Ацев“** | 250 |
| 31. | **ул.„Мите Богоески“** | 3 |
| 32. | **ул.„Нада Филева“** | 34 |
| 33. | **ул.„Никола Карев“** | 362 |
| 34. | **ул.„Охридска Архиепископија“** | 26 |
| 35. | **ул.„Петар Чаулев“** | 55 |
| 36. | **ул.„Питу Гули“** | 287 |
| 37. | **ул.„Рашанец“** | 11 |
| 38. | **ул.„Серафим Китаноски“** | 8 |
| 39. | **ул.„Сирма Војвода“** | 506 |
| 40. | **ул.„Станбен комплекс Расадник“** | 269 |
| 41. | **ул.„Страшо Пинџур“** | 17 |
| 42. | **ул.„Ванчо Питошески“** | 68 |
| 43. | **ул.„Васил Главинов“** | 71 |

| | | |
|---|---|---|
| 44. | **ул.„Војдан Чернодрински“** | 14 |
| | **Вкупно:** | **6.561** |

- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат два пати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;

***улици од III-та категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *бр.на корисници* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Абас Емин“ | 382 |
| 2. | ул.„Ариф Мустафа“ | 155 |
| 3. | ул.„Аџи Мустафа“ | 93 |
| 4. | **ул.„Бистрица“** | 149 |
| 5. | **ул.„Дејан Војвода“** | 427 |
| 6. | **ул.„Караорман“** | 20 |
| 7. | **ул.„Кленоец“** | 131 |
| 8. | **ул.„Крали Марко“** | 154 |
| 9. | **ул.„Крум Точко“** | 185 |
| 10. | **ул.„Мичо Гилиќ“** | 6 |
| 11. | **ул.“Марко Цепенков“** | 308 |
| 12. | **ул.„Никола Петров Русински“** | 32 |
| 13. | **ул.„Пере Тошев“** | 145 |
| 14. | **ул.„Петар Попарсов“** | 67 |
| 15. | **ул.„Пирин Планина“** | 66 |
| 16. | **ул.„Сатеска“** | 344 |
| 17. | **ул.„Славеј Планина“** | 152 |
| 18. | **ул.„Стив Наумов“** | 163 |
| 19. | **ул.„Трајче Трајчески“** | 40 |
| 20. | **ул.„Васил Стефоски“** | 178 |
| 21. | **„Охридати“** | 500 |
| 22. | **ул.„Шар Планина“** | 153 |
| | **Вкупно:** | **3.880** |

- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.

***улици од IV-та категорија***

| **реден број** | *име на улица* | *бр. на корисници* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„1-ви Мај“ | 59 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | ул."I –ва македонска Ударна Бригада“ | 129 |
| 4. | ул.„130“ | 103 |
| 5. | ул.„15-ти Корпус“ | 124 |
| 6. | ул.„6-та Бригада“ | 46 |
| 7. | ул„8-ми Март“ | 41 |
| 8. | ул.„Железничка“ | 137 |
| 9. | ул.„Андреа Јованоски“ | 71 |
| 10. | ул.„Александар Гушо“ | 53 |
| 11. | ул.„Александар Турунџиев“ | 70 |
| 12. | ул.„Андон Дуков“ | 40 |
| 13. | ул.„Бекир Али Риза“ | 123 |
| 14. | ул.„"28 – Април“ | 66 |
| 15. | Булевар „Туристичка“ | 6 |
| 16. | ул.„Будва“ | 69 |
| 17. | ул.„Дебарца“ | 24 |
| 18. | ул.„Јабланица“ | 50 |
| 19. | ул.„Махмут Рифат“ | 26 |
| 20. | ул.„Живко Чинго“ | 135 |
| 21. | ул.„Малесија“ | 21 |
| 22. | ул.„Момчило Јорданоски“ | 378 |
| 23. | ул.„Ѓорче Петров“ | 522 |
| 24. | ул.„Мирка Гинова“ | 30 |
| 25. | ул.„АРМ“ | 62 |
| 26. | ул.„Париска Комуна“ | 69 |
| 27. | ул.„Партизански Одреди“ | 47 |
| 28. | ул.„Димо Хаџидимов“ | 40 |
| 29. | ул.„Охридска Бригада“ | 88 |
| 30. | ул.„Петрино“ | 84 |
| 31. | ул.„Прилепска“ | 71 |
| 32. | ул.„Радоица Новичиќ“ | 248 |
| 33. | ул.„Ристо Чадо“ | 259 |
| 34. | ул.„Спас Банџов“ | 36 |
| 35. | ул.„Српница“ | 33 |
| 36. | ул.„Трајче Дојчиноски“ | 28 |
| 37. | ул.„Вангел Николоски“ | 55 |
| 38. | ул.„Вардар“ | 22 |
| 39. | ул.„Веле Марков“ | 36 |
| 40 | ул.„Винковачка“ | 93 |
| 41. | ул.„Ѓорѓи Сугарев“ | 15 |
| | **Вкупно:** | **3.609** |

- Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

| **реден број** | ***населено место*** | ***бр. на корисници*** | ***бр. на викенд корисници*** |
|---|---|---|---|
| 1. | с.Лескоец | 708 | 132 |
| 2. | с.Косел | 141 | 63 |
| 3. | с.Куратица | 81 | 74 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | с.Трпејца | 78 | 72 |
| 5. | с.Г.Лакочереј | 120 | 19 |
| 6. | с.Д.Лакочереј | 144 | 32 |
| 7. | с.Орман | 28 | 1 |
| 8. | с.Рамне | 118 | 7 |
| 9. | с.Пештани | 293 | 124 |
| 10. | с.Подмоље | 84 | 60 |
| 11. | с.Љубаништа | 34 | 256 |
| 12. | с.Велгошти | 653 | 62 |
| 13. | нас.Лагадин | 1 | 141 |
| 14. | нас. Исток | 5 | 36 |
| 15. | нас.Елшани | 142 | 4 |
| 16. | нас.Рача | 111 | 36 |
| 17. | нас.Долно Коњско | 119 | 6 |
| 18. | нас.Св.Стефан | / | 50 |
| 19. | нас.Елешец | / | 65 |
| | **Вкупно:** | **2.860** | **1.240** |

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - прскање 365 дена;
  - празнење на корпи за отпадоци 365 работни дена;
- **II категорија -**
  - метење 183 работни дена;
  - прскање 183 дена;
  - миење со црево по потреба.
- **III категорија -**
  - метење двапати неделно - 100 дена;
  - прскање по потреба.
- **IV категорија -**
  - метење еднаш неделно – 50 дена;
  - прскање по потреба.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05- 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за ѓубре се врши во две смени од 12-18 часот и 18-24 часот. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02-08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – јапонер.

**Трошоци за одржување на јавна хигиена**

***Вредност на работна рака по час***

1. Метач .................... = 180,00 ден/час
2. Опслужувач на количка .................... = 180,00 ден/час

***Вредност на основни средства по час***

1. цистерна ........................................ = 2.860,00 ден/$м^3$
2. ТАМ - кипер......................................... = 1.110,00 ден/тура
3. трактор ............................................... = 1.110,00 ден/тура
4. утоварувач RD-130.......................................= 2.880,00 ден/час
5. булдожер TG-80 ....................................... = 3.270,00 ден/час
6. камион кипер ...................................... = 2.350,00 ден/час
7. фиат хитачи FB100 .2................................ = 2.550,00 ден/час
8. метачка............................................... = 2.725,00 ден/час

**Напомена : Напомена:** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавна чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.07-5280/4 од 23.09.2013 год.

**Одржавање на јавна чистота**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Програма за одржавање на јавна чистотаќе се реализира од буџетот на Општина Охрид | 5.000.000 |
| | **ВКУПНО** | **5.000.000** |

**Број 07-8330/13-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за други комунални услуги за 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/14**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2014 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за други комунални услуги за 2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/14**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

## ПРОГРАМА J8
## Други комунални услуги за 2014година

**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Река „Даљан“** - чистење на река „Даљан“ од вливот во Охридско Езеро,и попречните канали према Охрид | 150.000 |
| 2 | **Река „Коселска“**- чистење на речното корито од КО Косел возводно до КО Орман и ги опфаќа од површините во КО Горно и Долно Лакочереј | 150.000 |
| 3 | **Река „Вапилица“**-Чистење и регулирање на речното корито во КО Вапила на м.в. Топ дол и тоа на потегот од асфалтната база на АД „Маврово“ до КО Вапила и над асфалтната база. | 150.000 |
| 4 | **Летничка река** - Чистење на речното корито на Летничка Река и тоа од самиот почеток К Велгошти-низ н.15/ти Корпус до вливот во Охридско езеро | 150.000 |
| 5 | **Порој „Рача“** - чистење на речното корито | 150.000 |
| 6 | **Скребатска река** – чистење и регулација на речното корито од КО Лескоец со посеб преглед и зафаќање на просторот под фабрикатаЕМО заради заштита на земјоделски површини од Косел и Лакочереј | 150.000 |
| 7 | **Река „Черова“** -чистење и регулација на река Черова во КО Љубаништа | 150.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | **Чистење на канали и диви депонии** | 250.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | **Новогодишно украсување**. | 720.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | **Изнајмување на мобилни тоалети** | 200.000 |

| Динамички план со активности за 2014 година, за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавните површини на територија на Општина Охрид | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци<br>( 1.500 ha – крајбрежието на потег од с. Подмоље до нас. Св. Наум и територијата на град Охрид )<br><br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | мај/јуни ( во зависност од временските прилики)<br><br>јули |
| теренско запрашување на крајбрежие на потег од с.Подмоље до нас. Св.Стефан, поширока територија на град Охрид, потег на река Грашница, Коселска Река, крајбрежие од автокамп Љубаништа до комплекс на Св. Наум<br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | април/мај ( во зависност од временските прилики)<br><br>јуни<br>јули/август |
| дератизација на канализациски систем<br>( околу 3.000 шахти на територија на општина Охрид )<br>I –во третирање<br>II –ро третирање | мај<br>октомври |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | **Дезинфекција,дезинсекција и дератизација** | 1.500.000 |
| | Извор на финансирање на програмата е:<br>**Буџет на Општина Охрид** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **3.720.000** |

**Број 07-8330/14-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за управување со отпад на општина Охрид за 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/15**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за управување со отпад на општина Охрид за 2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/15**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА**
**за управување со отпад на општина Охрид**
**за 2014 година**

***Содржина:***

**Вовед**

1. Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво

2. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад

3. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградивиот отпад

4. Начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управување со отпад

***5. Реализација на обврските за намалување на количеството за биоразградив отпад што се отстранува од домовите***

***6. Реализација на мониторинг и информативен систем за управување со отпад***

***7. Регионален пристап во управување со отпад***

8. Подобрување на работата на општинската депонија

*Вовед*

Врз основа на Планот за управување со отпад на општина Охрид се предлага следната Програма за управување со отпад за 2014 година:

**1.Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво**

Врз основа на податоците добиени од Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид организираното собирање на комуналниот отпад се врши во 99% од населените места, односно подрачјето на град Охрид, викенд населбите Лагадин, Елешец, Исток и селата Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Лескоец, Велгошти, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Елшани, Велестово, Орман и Св.Наум, со што се опфатени 24.379 домаќинства или 55.479 жители. Организирано собирање на комуналниот отпад не се врши во селата Речица, Плаќе, Завој, Рамне и Свињишта, заради тоа што во овие населени места има многу малку постојани жители. Според истите податоци за 2014 година предвидено е создавање на 27.000 t комунален отпад на целата територија на општина Охрид.

Собирањето на отпадот во општина Охрид се врши секојдневно во потесното градско подрачје, додека во поширокото градско подрачје и останатите населени места се врши два пати неделно. Во текот на летната сезона во потесното централно градско подрачје, подигањето на комуналниот отпад се врши и два пати дневно.

Во 2014 год. планирано е да се поставaт подземни контејнери на три најфрекфентни локации како и уште три пресконтејнери во населбите каде е застапен голем степен на станбено домување. Исто така ќе се ораганизираат акции за подигање на кабаст и зелен отпад во пролетниот и есенскиот период кои ќе се одвиваат согласно испланираниот календар, а се’ со цел да се намали создавањето на мини депонии.

Овие активности се прилагодени на инфраструктурните претпоставки на градот, потребите на корисниците на услугите, концентрацијата на населението и степенот на развиеност на екокултурата и секако потребите на Охрид како туристички центар.

Во настојувањата за зголемување на ефикасноста, економичноста и поголема оперативност на возилата за собирање на отпад со помал капацитет, како и заштеда на погонските средства, ЈП „Охридски Комуналец” - Охрид врши претовар, односно возилата со помал капацитет наместо истовар на депонија, вршат претовар на отпадот во поголемо возило. Така, наместо помалите возила да вршат транспорт и истовар на отпадот до депонијата „Буково”, тоа количество на отпад, со помош на поголемо возило, се транспортира до депонијата.

Воведувањето на претовар е позитивна промена во вршењето на основната дејност на комуналното претпријатие, во поглед на ефикасност во работењето, намалување на емисиите во животната средина и економска оправданост.

Собраниот отпад Ј.П.„Охридски Комуналец“- Охрид го депонира на депонијата Буково, која се наоѓа на левата страна од магистралниот пат Охрид – Битола и е оддалечена 25 км од Охрид, на надморска висина од 1.190 м на планината Буково. Се простира на површина од 27.880 $м^2$ и ја сочинуваат две платоа за одлагање и една депресија. Во неа дневно се депонираат околу 580 $м^3$ комунален отпад, додека во летниот период достигнува и до 950 $м^3$ пресуван комунален отпад или вкупно 21.500 t отпад годишно. Според Националниот План за управување со отпад 2009-2015 година, депонијата Буково спаѓа во категорија на високоризични депонии, кои треба да се затворат и рекултивираат.

Покрај депонијата Буково, во општина Охрид има уште една депонија, Мауцкер, која е наменета за градежен шут и се наоѓа на 5 км оддалеченост од Охрид и се простира на површина од 32.000 $м^2$. Заради тоа што локацијата на оваа депонија ќе се пренамени, за начинот за намалување и

искористување на овој вид отпад, општина Охрид ќе изработи студија за одлагање и третман на градежен шут на нејзина територија.

## 2. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад

Постојната состојба во управувањето со комуналниот отпад се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање во општинската депонија. Дел од комуналниот отпад, односно ПЕТ амбалажата и хартијата се селектираат, преку нивно собирање во 57 контејнери за ПЕТ амбалажа како и 50 корпи од мрежа за собирање на хартија кои се поставени во делови од градот каде фрекфенцијата на домување е поголема во колективни станбени објекти. Собирањето на овие секундарни суровини се врши со динамика на подигање два пати на ден, наутро и навечер, на сите пунктови каде има поставено контејнери за таа намена, како и на повик за поголема количина хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатија. Со оваа динамика и покриеност на градот со контејнери за ПЕТ амбалажа и корпи за хартија неделно се собира хартија во количина од 2.600 – 3.000 кг и околу 600 кг ПЕТ амбалажа кои се балираат со балирка од 6 KV.

За 2014 година со адекватна едукација на граѓаните на општина Охрид за правилно селектирање на отпадот, односно за изведување на примарна селекција и рециклирање, се предвидува да се соберат околу 400t хартија и 40 t ПЕТ амбалажа, како и набавка на уште една балирка.

Со поставување на прес контејнерите и подземните контејнери ќе се осовремени начинот на собирање на комуналниот смет, на тој начин што од една страна со нивно пресување се остварува голема заштеда како во капацитетот на традиционалните контејнери за смет, така и во транспортните трошоци, а од друга страна се подобруваат хигиенско – санитарните услови, заради тоа што нема непријатни миризби и нема разнесување на отпадот.

## 3. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградивиот отпад

Согласно податоците од Националниот план за управување со отпад, годишната продукција на отпад по жител во Р.Македонија изнесува 283 кг од кои 73% е отпад од домаќинства. Од ова 26% од отпадот е биоразградив отпад или по жител годишно се генерира околу 53,71 кг органски отпад. Врз основа на бројот на жители, може да се констатира дека годишната продукција на биоразградив отпад од домаќинствата во општина Охрид е приближно 7.800 t. За добивање на попрецизна слика треба да се земе во предвид и продукцијата на биоразградив отпад кој потекнува од земјоделски активности како и биоразградивиот отпад кој се создава при редовно одржување на парковите и зелените површини на територија на општината.

Речиси најголем дел од комуналниот отпад припаѓа на органскиот – биоразградив отпад, кој го вклучува и земјоделскиот отпад. Заради неселектирањето на биоразградивиот отпад во урбаниот дел од општината, исто како и од руралните средини, биоразградивата фракција завршува на депонија, со што се намалува капацитетот и експлоатациониот период на депонијата, а исто така и одлагањето на органската фракција на отпадот на депонија, резултира со бројни проблеми по животната средина (емисии на стакленички гасови, создавање на депониски исцедок, загадување на почвата и подземните води итн.). Кога на ова ќе се додадат и трошоците за транспортирање и собирање, очигледно е дека има потреба од правилен третман на биоразградивиот отпад, односно од негово компостирање.

Современите трендови и законски решенија од областа на управување со отпадот наметнуваат решенија за намалување на создавањето на отпад, негова реупотреба, рециклирање и искористување на енергетската вредност како предност во однос на депонирањето на отпадот.

Од тие причини Општина Охрид изработи студија за компостирање на биоразградлив отпад со која се предвидува пренасочување на органскиот отпад надвор од депониите со што може да се преработи во високо квалитетен подобрувач на почвата ( компост).

За таа цел во 2014 година потребно е да се воведе интегрален систем за собирање и управување со отпадот, односно треба да се подготви и воведе селектирање и посебно собирање на биоразградливиот дел од комуналниот цврст отпад, како во градот, така и во руралниот дел. Општината ова треба да го реализира во соработка со југозападниот регионот, согласно легислативата која е на сила.

### 4. Начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управување со отпад

Изминатите години Одделението за заштита на животна средина организираше проекти за подигање на јавната свест, со нагласок на училишната младина како целна група, кај која се очекува најголем ефект. Проектите за подигање на јавната свест кои континуирано ќе се организираат и во иднина и кои наидоа на позитивен ефект во јавноста се следните:

- Проект за собирање и одлагање на отпадно масло од домаќинствата;
- Акција за собирање и одлагање на електричен и електронски отпад;
- Акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта;
- Ликовен и литературен конкурс во соработка со основните училишта на тема „Рециклираме, штедиме – повеќе вредиме“.

Исто така потребно е да се изработи информативна кампања за подигање на јавната свест за придобивките од примарната селекција, каде ќе биде вклучено и селектирањето на биоразградивиот отпад од комуналниот отпад. Кампањата треба да биде насочена пред се’ кон земјоделците за корисноста на компостот за подобрување на почвата, како и на сите други целни групи во однос на селектирањето на хартијата, пластиката и металот.

### 5. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградив отпад што се отстрануваат од домовите

Количеството на биоразградив отпад кој се носи на депонија потребно е да се сведе на минимум, како тој кој се собира од домаќинствата, така и тој кој се добива со одржување на јавните и земјоделските површини.

За таа цел за изведување на примарната селекција, Ј.П.„Охридски Комуналец“ ќе врши кампања за селекција на биоразградивиот отпад во домашни услови, на начин што ќе се воведе унифицирање на ќесите за собирање на отпад, односно биоразградивиот отпад ќе се собира во ќеси со различна боја од останатиот комунален отпад. Исто така ќе се организираат акции во пролетниот и есенскиот период за собирање на зелениот отпад од домаќинствата и од земјоделските површини.

### 6. Реализација на мониторингот и информативниот систем за управуање со отпад

На локално ниво мониторингот за управување со отпад ќе се спроведува преку добивање на податоци од формуларите за управување со отпад и преку следење на индикаторите за успешност на реализација на Планот.

**7. Регионален пристап во управувањето со отпад**

Врз основа на Одлуката за давање согласност за склучување договор за соработка за воспоставување на регионален одбор за управување со отпад во југозападниот плански регион, потребно е да се одреди локација за изградба на регионалната депонија, како и да се обезбедат средства за изработка на Физибилити студија за регионално управување со отпад.

**8. Подобрување на работата на општинската депонија**

За 2014 година планирано е да се реализираат проектни активности за санација и доуредување на депонијата „Буково“. За таа цел потребно е да се изврши оградување на депонијата во должнина од 1.850 м со поставување на метални цевки на кои ќе се постави универзална плетена мрежа и бодликава жица, како и санирање на пристапните патишта во должина од 450 м. Исто така ќе се врши редовно покривање на депонираниот смет со слој од земја со што ќе се спречи можноста од самозапалување на депонијата во летниот период.

За реализација на горенаведените активности ќе се користат средства од буџетот на Општина Охрид, буџетот на Ј.П.„Охридски Комуналец“ и донации.

**Број 07-8330/15-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2014 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за заштита на животната средина и природата за 2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на Законот за животна средина(Сл. Весник на РМ бр.53/2005, 81,05), член 60 од Законот за локална самоуправа(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад ја предлага следната

**П Р О Г Р А М А**
**за заштита на животната средина и природата за 2014 година**

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Охрид за 2014 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во Општина Охрид, а кои се во функција на на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.
Средствата за реализација на оваа програма се планира да бидат обезбедени од буџетот на Општина Охрид.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Одделението за заштита и влијание врз животната средина, (се однесуваат на изработка на стратешки документи од областа на заштита на животната средина, промоција на одредени локалитети со посебни природни реткости, промоција на одредени ендемски растителни и животински видови како и подигање на јавната свест за заштита на животната средина) а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.
Дел од планираните активности од Програмата за заштита на животната средина се започнати во 2013 година и се во фаза на реализација, а заради обемноста и специфичноста на истите се планира да бидат завршени во 2014 година.

**А. Проекти и активности започнати во 2013година.**

1. Пилот проект за собирање и одлагање на отпадното масло од домаќинствата .................................................................................................................................. 10 000,00ден.

**Б. Проекти и активности предвидени да се реализираат во 2014 година.**

2.Цветни балкони- цветен Охрид ...................................................... 100.000,00ден

3. Чистење на цврст отпад од дното на Охридското Езеро –локација Пештани( согласно изготвената мапа на загаденост на Охридското Езеро од 2010г).............200.000,00ден

4.Проект за проценка на состојбата и санација на охридските чинари(чинарот на плоштад Крушевска Република, чинарот во нас. Воска, чинарот во нас. Кошишта и чинарите во нас. Далјан)...........530.000,00ден

5. Мониторинг на амбиентен воздух и бучава во животната средина во Општина Охрид ------------------------------------------------------------------------------------------ 550.000,00ден

6.Одбележување на значајни денови на екологијата

Со цел да се влијае на подигањето на јавната свест на сите категории на населението како еден од битните фактори за зачувувањето на животната средина, како и промоција на природните реткости и специфики,предвиден е корпус на активности за одбележување на значајните денови на екологијата.

6.1 Одбележување на „Денот на планетата земја“ -22 април (акција за собирање и одлагање на електронски отпад) --------------------------------------- 20.000,00ден
6.2 Одбележување на „Меѓународниот ден на биолошката разновидност“-22мај (Промоција на охридската пастрмка) ----------------------------------------------- 150 000,00ден

6.3 Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)--------------- 10 000,00ден

6.4 Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)----------------------- 30. 000,00ден

**ВКУПНО: 1.600 000,00 ден**

**Број 07-8330/16-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2014-2016 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Развојната програмата за образование за 2014-2016 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

## О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2014-2016 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Развојната програма за образование за 2014-2016 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/17**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска с.р.**

# РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2014 -2016 ГОДИНА

ЦЕЛИ:
- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Развој на образовниот процес

АКТИВНОСТИТЕ на Општина Охрид во областа на образованието во 2014-2016 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма пред се со ов

| **Училиште** | **Инвестициони приоритети на основните училишта во општина Охрид за 2014-2016 година** | |
|---|---|---|
| **ОСНОВНИ УЧИЛИШТА** | | |
| **ОУ Ванчо Николески - Лескоец** | Изградба на фискултурна сала | РМ |
| | Поставување на кршачи за снег за цело училиште | 60,000.00 |
| | Промена на таванот во холот во централното училиште | 70,000.00 |
| | Бетонирање на подна подлога во подрумските простории на централното училиште | 45,000.00 |
| | Изработка на прграден ѕид со што би се добило простор за кујна во централното училиште | 300,000.00 |
| | Хоризонтален олук со демонтажа на старите олуци во ПУ.Куратица | 40,000.00 |
| | Оградување на училишниот двор во ПУ Куратица | 60,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Изработка на олуци и сливници за источниот дел на фасадата во ПУ Косел | 50,000.00 |
| | Изработка на настрешница во ПУ .Косел | 55,000.00 |
| | Оградување на училишниот двор во ПУ Косел | 120,000.00 |
| | Уредување на детско игралиште во ПУ Косел | 72,000.00 |
| | Реконструкција на фискултурната сала во ПУ Косел | 700,000.00 |
| | изработка на предвлез за две училници на исток | 96,000.00 |
| **ОУ Климент Охридски** | Промена на столарија на прозори | 2,000,000.00 |
| | Санација на фасада | 500,000.00 |
| | Изградба на училница во природа | 130,000.00 |
| | Поплочување на училишниот двор со бекатон плочки | 500,000.00 |
| | Изградба на мини трибини во училишното игралиште | 90,000.00 |
| | **Дочек на Нова Година** | • Дневна детска забава | Привлекување на туристи во зимскиот период | 600000 |
| 8 | | • Главен Дочек | | 100000 |
| 9 | **Превоз за потребите на здруженијата и институциите во областа на културата** | | | 61000 |
| 10 | **Трансфер кон здруженија и институции во областа на културата** | | | |
| | **Подршка на здруженија, институции и поединци при организација на свечености и настани од областа на културата** | • Обезбедување простор локација | | |
| | | • Озвучување и осветлување | | 300000 |
| 11 | | • Изработка на пропаганден материјал (флаери,капи маици и сл.) | Развивање на конгресниот туризам | ЈПП |
| 12 | **Изградба на повеќенаменска универзална сала и конгресен центар** | | Зажувување на кино културата во летниот период | 300000 |
| 13 | **Отворање на летно кино** | | Проекти од значај за презентација на Охрид | 500000 |
| | **Подршка на проекти по јавен повик за 2014 година** | | | |
| 14 | **Поддршка на Охридскиот Театар** | | | |
| | | | | 3761000 |

**Број 07-8330/23-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ЗА 2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за активностите на општина Охрид во областа на меѓународната соработка за 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/24**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ЗА 2014 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за активностите на општина Охрид во областа на меѓународната соработка за 2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/24**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**Програма**
**за активностите на Општина Охрид во областа на**
**меѓународната соработака за 2014 година**

**ПРОГРАМА**

За активности во областа на меѓународната соработка за 2014 година.

Општина Охрид остварува меѓународна сорабтка со голем број градови и организации со кои има заеднички интерес во областа на економијата, туризмот, културата, образованието, спортот итн. Соработката се остварува преку разни проекти и протоколарни посети со збратимените градови и организации со кои соработува.

Општина Охрид има остварно соработка со повеќе градови од целиот свет.

Договор за збратимување има потпишано со градовите :
Крагуевац (Р.Србија) 1977 год., Винковци (Р. Хрватска) 1979 год. Пиран (Р. Словенија) 1981 год. Волонгог (Австралија) 1981 год. Виндзор (Канада 1981 год., Будва (Р.Црна Гора) 1984 год. Поградец (Р.Албанија) 2002 год. , Јалова (Р. Турција) 2010 год., Трогир (Р. Хрватска) 2011 год. Сафранболу (Р. Турција) 2011 год., Општина Видовец (Р. Хрватска) 2012 год. Инџија (Р. Србија) 2012 год.

Покрај овие градови Општина Охрид има покренато иницијатива за збратимување со градот Дубровник (Р. Хрватска) а на 8ми Декември 2013 год. Ќе биде потпишан договор за збратимување со Стари Град (Р. Босна и Херцеговина).

Договор за протоколарна соработка има потпишано со градовите :
Газиосманпаша (Турција) 1999 год., Пловдив (Бугарија) 2000 год, Несебар (Бугарија) 2003 год., Земун ( Р.Србија) 2003 год. Далиан (Н.Р.Кина) 2004 год., Банкја - Софија (Бугарија) 2005 год., Лесковац ( Црна Гора) 2005 год., Велико Трново (Бугарија) 2006 год., Синаиа (Романија) 2006 год. Градска општина Медијана-Ниш (Србија) 2007 год.,Пешковское- Московка област (Руска федерациај) 2006 год., Каен (Франција) 2009 год., Гнијезно ( Полска) 2009 год.

Општина Охрид исто така остварува соработка без потпишан докумнет со неколку градови како што се:
Нови Сад (Р. Србија), Ниш (Р. Србија), Бајрампаша (Р.Турција), Текирдак (Р. Турција).

Градови со кои Општина Охрид од неодамана почна да соработува на меѓународни проекти од заеднички интерес се Вспрем Велеград и Модра – Злински крај и Исео Италија.

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

- Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Охрид;

- Реализација на заеднички активности и проекти од области на културата, туризмот, образованието, економијата и сл;

- Сочувување и афирмирање на материјалното, природното и духовното културно наследство на Општина Охрид;

- Сочувување и промоција на културниот идентитет на Општина Охрид;

- Зајакнување на капацитетите (административни, туристички, економски и сл.) преку размена на искуства;

- Проширување на меѓународната соработка на локално и регионално ниво;

- Вклучување на локалните установи и јавни претпријатија во меѓународната соработка.

**II.АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Охрид во областа на меѓународната соработака ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одржување традиционални културно уметнички манифестации;

- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Охрид;

- Организиран престој на делегации на збратимените и пријателските градови, како бизнис делегации во Охрид;

- Организирање посети на претставници од Општина Охрид на збратимените градови и градовите пријатели на Охрид (претставници на локалната самоуправа, новинарски екипи, граѓански здруженија, културно-уметнички друштва, спортски организации, образовни институции и сл.);

- Организирање и учество на семинари, туристички и економски саеми, културно- спортски манифестации како и взаемни протоколарни посети;

- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Охрид;

- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Охрид;

- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници

**Организација и подршка на манифестации и други настани од областа на меѓународната соработка**

- Активности за реализација на Програмата за меѓународна соработка на општина Охрид за 2014 година се :

| **ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДРШКА НА МЕЃУНАРОДНИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Манифестација** | **Рок на** | **Носител** | **Забелешка** |
| Богојавление –Водици и Одбележување на денот на рибарите | 19 -20 јануари | Општина Охрид во соработка со НВО | - го организира настанот и го подржува |
| Патување во Каен-Долна Нормандија и во Брисел за аплицирање за | Јануари – март | Општина Охрид | |
| Ден на Нови Сад | 1 феврuари | Општина Нови Сад | О. Охрид испраќа своја делегација на настанот |
| Меѓународен Маскенбал во Птуј | 3 – 12 феврuари | Општина Птуј | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ѓурѓевдан – Ден на градот Крагуевац | 6 – мај | Општина Крагуевац | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на Охридското Езеро | 21 – јуни | Општина Охрид, Општина Поградеци Општина Струга | се подржува настанот |
| Охрид Филм Фестивал – Фестивал на Францускиот | 26 – јуни | Министерство за култура, Француска Амбасада во | - се поддржува настанот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Филм | | соработка со Општина Охрид | |
| Балкански Фестивал на народни песни и игри | 6 – јули | Министерство за култура | Се поддржува |
| Охридско лето | 12 –јули до 20 – август | Министерство за Култура, во соработка со Општина Охрид | - се подржува настанот |
| Ден на Јалова | 19 – јули | Општина Јалова | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Винковци | 20 – јули | Општина Винковци | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Птуј | 5- август | Општина Птуј | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Летен Св. Климент | 9 – август | Општина Охрид | Го организира |
| Ден на градот Несебар | 15 – август | Општина Несебар | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Меѓународен хорски фестивал | 22 – август | Охридски Хорски Фестивал во соработка со О. Охрид | Се поддржува настанот |
| Меѓународен пливачки маратон | 24 – август | Претседател на Р. М, Општина Охрид | Се поддржува настанот |
| Винковачке јесени - Винковци | 17 – септември | Општина Винковци | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Синаја – Фестивал Синаја засекогаш | 27 – септември | Општина Синаја | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Пиран | 16 – Октомври | Општина Пиран | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Крагуевац - Комеморација | 21 – Октомври | Општина Крагуевац | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Инџија | 22 – октомври | Општина Инџија | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Св.Петка Ден на Медијана Ниш | 27 – октомври | Општина Медијана Ниш | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Земун | 5 – ноември | Општина Земун | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Трогир | 14 – ноември | Општина Трогир | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на Солидарноста - Каен | 14 – 18 ноември | Општина Каен | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Будва | 22 – ноември | Општина Будва | О.Охрид испраќа своја делегација |
| Ден на градот Охрид | 8 – декември | Општина Охрид | го организира настанот |
| Промоции на книги | По приоритет | Општина Охрид | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изложба на домашн и странски уметници по утврдена програма | По утврдени приоритети | Општина Охрид | |
| Манифестации по јавен конкурс | 2014 | Општина Охрид | |

Во горенаведената табела прикажани се само дел од градовите со кои општина Охрид има потпишано договор за соработка или збратимување, кои што имаат определен датум во годината кога ги поканувaат збратимените и пријателски градови.
Поради зачувување на пријателството и почитување на точките на потпишаните документи за соработка и збратимување, пожелно е барем два пати во годината делегации од општините да се посетуваат како би разговарале за досегашната соработка, но и за продлабочување на истата, размена на идеи за реализација на проекти од заеднички интерес во областа на стопанството , културата, образованието, туризмот, спорт, заштита на природното и културното богатсво.
Општина Охрид од неодамна почна да соработува во проекти од заеднички интерес со градот Веспрем од областа на спортот, со градовите Велехрад и Модра од Чешка во областа на културата и со градот Исео од Италија во областа на туризмот.
Интезивирање на меѓународната соработка во рамките на регионот Охрид-Преспа со општини во република Грција во Република Албанија
-треба да се настојува и да се искористат сите механизми и можности што ни се на располаѓање кои ќе овозможат воспоставување, зацврстување и унапредување на меѓународната соработка во рамките на регионот Охрид-Преспа со општини во Република Грција и во Република Албанија како што се организирање и учество на меѓународни настани, саеми, конференции, билатерални и мултилатерални работни состаноци на различни теми со преставници на другите општини и друго.
Продолжување и продлабочување на соработката со збратимени општини
-на годишно ниво ќе се организираат повеќе настани со цел да овозможиме продлабочување и интезивирање на соработката со веќе збратимените општини каде што централно значење ќе има организирањето годишна средба `` Збратимени за поголем успех,, каде што би биле поканети да учествуваат сите збратимени општини, но и други општини со копи ќе се стремиме да воспоставиме соработка.

**За реализација на активностите потребни за организирање и подршка на манифестации и други настани од областа на меѓународната соработка и УНЕСКО се предвидуваат финасиски средства од 3.000.000,00 денари.**

## III. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА - УНЕСКО

Охрид е член на УНЕСКО од 5 септември 1980 година, како членка на оваа светска организација чија основна цел е подобрување на состојбите во мирот и стабилноста промовирајќи соработка меѓу нациите преку образованието, науката и културата. Покрај бенефициите, членството во УНЕСКО налага и определени обврски кои треба Општина Охрид треба да ги исполни.

- Охрид е член на асоцијацијата градови со светско наследство OWHC која е дел од УНЕСКО и чија основна цел е зачувување (конзервација) и промовирање на духовното и

културно историско наследство. За да се уживаат бенефициите на оваа асоцијација потребно е да се плаќа годишна членарина.

- Посета на Унеско во седиштето на Париз како и координација на активностите со канцеларијата на Унеско во Скопје за проекти кои се однесуваат на заштита на животната средина и културните вредности во Охрид;
- Промена на грбот на Општина Охрид по препораките и стандардите на УНЕСКО;
- Поставување на спомен плоча со знакот на УНЕСКО на видно место во градот Охрид;
- Поставување табли со УНЕСКО знаци на влез и излез од градот;
- Конкурарање и аплицирање во проекти финансирани, организирани и подржани од УНЕСКО;
- Соработка со градови кои се под заштита на Унеско и заедничко аплицирање на проекти финансирани од ЕУ фондови.
- Развивање на план за управување со биосверниот резерват Охрид -Преспа
- Учество во проктот на Еу за прогласување на албанската страна на Охридското Езеро за заштита под УНЕСКО
- Соработка со регионот кој е заштитен под Унеско, како Струга и Дебрца
- Преставник на општина Охрид да учествува со официалната делегација на Република Македонија на Генералното Собрание на Унеско во Париз
- Ден на Унеско- организирање годишна манифестација

**IV. Очекувани резултати**

• Зголемен број на меѓународни средби;

• Зголемен број на меѓународни проектни апликации пред европските Фондови;

• Продлабочена меѓународна соработка на ниво на општина, регион, јавни претпријатија, локални установи, бизнис сектор, граѓански организации и медиум;

• Потпишување на меморандум за збратимување со Стари Град и Дубровник и обезбедена техничка и стручна поддршка на планот на евроинтеграциите;

• Реализирање на организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Охрид;

• Реализирање на учества на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници, образовни институции, спортисти и претставници на медиумите на значајни средби, културни и спортски манифестации;

• Зголемена видливост на ефектите од меѓународната соработка

**Број 07-8330/24-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации во 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/25** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески , с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина

Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за одбележување на празници и манифестации во 2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,**
**с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ. бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник“ на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 год. ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО 2014 год.**

Со Програмата за одбележување на празници и манифестации во 2014 година на подрачјето на општина Охрид ќе се одбележат повеќе празници и манифестации .

## I. Празници на централно и локално ниво

**ЈАНУАРИ**

**27.01.2014 година**

- Свети Сава празник на српската заедница

Носител: Српската заедница во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија

**ФЕВРУАРИ**

**06.02.2014 година**

- Прличеви Беседи

Носител: НУ Центар за култура, НУ Градска библиотека, ОУ Григор Прличев соорганизатор со Локалната самоуправа, Завод и музеј Охрид, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**МАРТ**

**08.03.2014 година**

-Меѓународен ден на жената

Носител: Повеќе институции и здруженија

**АПРИЛ**

**07.04.2014 година**

-Светски ден на здравјето

Носител: Локалната самоуправа, здравствени и образовни институции, „Црвен крст“ и др. во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**08.04.2014 година**

-Меѓународен ден на Ромите

Носител: Ромска заедница, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**МАЈ**

**01.05.2014 година**

-Меѓународен ден на трудот

Носител: во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**09.05.2014 година**

-Годишнината од победата над фашизмот

Носител: Сојуз на борци, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

-Ден на ЕУ

Носител: во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**23.05.2014 година**

- Национален ден на Власите

Носител: Влашка етничка заедница, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**24.05.2014 година**

-Ден на сесловенските просветители

Носител: Училиштата, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**31.05.2014 година**

-Светски ден на борба против пушењето

Носител: во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ЈУНИ</u>**

**05.06.2014 година**

-Ден на екологијата

Носител: Еколошки друштва, во соработка со локалната самоуправа, ЈП Охридски комуналец

**21.06.2014 година**

- Ден на Охридското езеро

Носител: Општина Охрид, Општина Поградец, Општина Струга,Невладини организации од трите градови, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>АВГУСТ</u>**

**02.08.2014 година**

-Илинден- Ден на Републиката

Носител: Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**07-14.08.2014 година**

-Недела на Свети Климент Охридски-летен

Носител:Разни институции, невладини организации и др. во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>СЕПТЕМВРИ</u>**

**08.09.2014 година**

-Ден на независноста на Република Македонија

Носител: Атлетски клуб, спортски друштва, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**21.09.2014 година**

-Меѓународен ден на мирот

Носител: Сојуз на борци, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**22.09.2014 година**

-Меѓународен ден без автомобили

Носител: Комисијата

28.09.2014 година

-Меѓународен ден на Бошњаците

Носител: Бошњачка заедница, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ОКТОМВРИ</u>**

**07.10.2013 година**

-Европски ден на туризмот

Носител: Туристички здруженија во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**11.10.2014 година**

-Ден на народно ослободителното востание на Македонија

Носител: Сојуз на борци, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**23.10.2014 година**

-Ден на македонската револуционерна борба

Носител: Сојуз на борци во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>НОЕМВРИ</u>**

**07.11.2014 година**

- 70-Годишнина од ослободување на градот

Носител: Сојуз на борци, ЈП Охридски комуналец, Детска градинка Јасна Ристеска, МЗ Рамне, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**22.11.2014 година**

-Ден на албанската азбука

Носител: албанска заедница во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**29.11.2014 година**

-Меѓународен ден на децата

Носител: Детски градинки и образовни институции во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**ДЕКЕМВРИ**

**03.12.2014 година**

-Светски ден на лицата со хендикеп

Носител: Здруженија на лица со хендикеп и други здруженија и институции во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**08.12.2014 година**

-Свеи Климент Охридски, Патрон на градот

Носител: ОСУ и ОУ Свети Климент Охридски,НУ Центар за култура, НУ Градска библиотека, НУ Завод и Музеј, Детска градинка во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**10.12.2014 година**

-Меѓународен ден на човековите права

Носител: Комисијата

**11.12.2014 година**

-Меѓународен ден на планините

Носител: Планинарски и еколошки друштва, образовни институции во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**21.12.2014 година**

-Ден на настава на турски јазик

Носител: Турска етничка заедница во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**31.12.2014 година**

-Дочек на Нова Година

Носител: Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија

## II. Годишнини и манифестации

**JАНУАРИ**

**05.01.2014 година**

- Патронен празник на ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски и ОУ „Свети Наум Охридски

Носител: ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски и ОУ „Свети Наум Охридски во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**13.01.2014 година**

- Прослава на Стара Нова година-Василица

Носител: Месни заедници во соработка со Комисијата

**14.01.2014 година**

- Маскембал с.Куратица

Носител: Месна заедница с.Куратица во соработка со Комисијата

**19.01.2014 година**

- Богојавлјение-Водици

Носител: МПЦ организатор Богојавление во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**21.01.2014 година**

- Годишнина од смртта на Коста Абраш

Носител: Завод и музеј, Печатница Коста Абраш во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ФЕВРУАРИ</u>**

**27.02.2014 година**

-Годишнина од смрта на Марко Бошњаков

Носител: Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија.

**<u>МАРТ</u>**

**07.03.2014 година**

-Ден на албанската просвета

Носител: ОУ „Братство Единство“ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**18.03.2014 година**

-Годишнина од смртта на Кузман Шапкарев

Носител: Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**20.03.2014 година**

-Патронен празник на ОУ „Живко Чинго“

Носител: ОУ „Живко Чинго“ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**22.03.2014 година**

- Светски ден за заштита на водите

Носител: ЈП Проаква, ЕКО друштва.

**АПРИЛ**

**07.04.2014 година**

- Патронен празник на ОМУ Методи Патче

Носител: ОМУ Методи Патче во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**24.04.2014 година**

- Патронен празаник на ОУ Христо Узунов

Носител: ОУ Христо Узунов во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**МАЈ**

**07.05.2014 година**

- Ден наслужбата за безбедност

Носител: УВР – Охрид во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**10.05.2014 година**

- Патронен празник на ОУ „Ванчо Николески“

Носител: ОУ „Ванчо Николески“ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**20.05.2014 година**

- Ден на пожарникарите

Носител: ПП бригада во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**ЈУНИ**

**08.06.2014 година**

-Основање на 1-ва МУБ

Носител: Сојуз на борци во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**29.06.-04.07.2014 година**

- Меѓународен филмски фестивал

Носител: Комисијата

**ЈУЛИ**

**03.07.2014 година**

- Свети Наум Охридски Чудотворец

Носител: Комисијата

**06.-11.07.2014 година**

- Балкански фестивал

Носител: Министерство за култура во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**31.07-02.08.2014 година**

- Едриличарска регата

Носител: Едриличарска регата во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**АВГУСТ**

**13.08.2014 година**

- Вечери на Живко Чинго

Носител: МЗ Велгошти во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**15.08.2014 година**

-Ден на граничарите

Носител: Комисијата

**17.08.2014 година**

- Поетска ноќ во Велестово

Носител: Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**18.08.2014 година**

- Ден на АРМ

Носител: АРМ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**23-27.08.2014 година**

- Меѓународен хорски фестивал

Носител: Охридски хор во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**25.08.2014 година**

- Охрид фест

Носител: Комисијата

**.08.2014 година**

-Создавање на Охридската организација МРО (ВМРО)

Носител: Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ОКТОМВРИ</u>**

**06.10.2014 година**

- 1000 години од смртта на Цар Самоил

Носител: Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>НОЕМВРИ</u>**

**15.11.2014 година**

- Патронен празник на ОУТУ „Ванчо Питошески“

Носител: ОУТУ „Ванчо Питошески“ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**18.11.2014 година**

-Ден на воведување турски наставен јазик
Носител: Здружение на граѓани „Карабеј мала“ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ДЕКЕМВРИ</u>**
**21.12.2014 година**
-Патронен празник на ОУ „Кочо Рацин“
Носител: ОУ „Кочо Рацин“ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**Број 07-8330/25-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2014 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина

Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 8330/26**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

## Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА

### Вовед

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на развојот на туризмот на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз непосредното учество на сите релевантни фактори од сферата на туризмот, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој на туризмот, и ќе овозможи подобрување на социо-економскиот и одржливиот фактор.

**Програмата за поттикнување на развојот на туризмот** се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Одржлив Развој на Туризмот на Општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој , при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2014 година ја предвидува програмата поврзани со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

**Извори на финансирање на програмата**

Програмата предвидува приходна ставка од **8.000.000,00** ден:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 6.750.000,00 ден. |
| 2. | Буџетски приходи по други основи | 0 ден. |
| 3. | Средствата од меѓународни проекти | 1.250.000,00 ден. |
| | Вкупно | 8.000.000,00 ден |

## I. Предлог Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2014 година

Туризмот претставува една од најзначајните развојни потенцијали за Општината Охрид. Географската положба, културно – историското наследство, Охридското Езеро, и Националниот Парк “Галичица”, како конкурентни предности ја претставуваат основата за подготовката на развојните програми за туризмот. Особено се внимава на стратегијата за развој на туризмот, темелена на јакнење на понудата на целата територија на општината, конкурентноста и стандардите на квалитет на понудата и услугите.

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Охрид и усвоените приоритети:

I. Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
II. Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
III. Брендирање на Охрид како туристичка дестинација,
IV. Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2014 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2014 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

**1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

Секторот ТЛЕР – Одд. за туризам во 2014 ке продолжи со активностите за евиденција регистрација, категоризација, и продолжување на решенијата за категоризација што претставува основа за управувањето со туризмот, а истовремено е во согласност со првиот приоритет од стратегијата за развој на туризмот – односно дефинирање на туристичката понуда во сегментот на сместувачки капацитети од мал обем. Во рамките на управувањето со туризмот исто така ќе бидат опфатени информациите во електронски медиуми, состаноци со станоиздавачи и медиуми, организирање на прес конференции, изготвување на информативни флаери.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.2 Туристички информативни центри**

Со оглед на нефункционалноста на поставениот туристички информативен центар на претходно предвидената локација на Бул Туристичка на влез на Охрид, се предвидува негова дислокација во централното градско подрачје. Во неговата функција е предвидено и воспоставување на телефонска инфо линија за пријавување на неправилности и проблеми од областа на туризмот во Охрид. Во овој центар туристите ќе добиваат информации за сместување и други корисни информации поврзани со туристичката понуда на градот и календар на настани. Исто така во овој ТИЦ ќе се овозможи и користење на услугите на резервација на сместување за туристите, која е во склоп на туристичкото биро Лихнидос.

**Превиден Буџет 90.000,00 ден**

**1.3 Одбележување (сигнализација) на туристичките места**

Со цел на потенцијалните посетители (туристи) да им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места ќе пристапиме кон изработка на сигнализација и одбележување на истите. Во 2013 година Секторот за ТЛЕР во соработка со Одделението за Комунален Развој преку тендерска постапка извршена е набавка на туристичка сигнализација, а воедно преку проект од Југозападниот Плански Регион, добиени е дополнителна количина на туристичка сигнализација. Во 2014 година предвидено е поставување на истите на претходно одредените локации.

**Превиден Буџет 30.000,00 ден**

**1.4 Изработка на туристички берзи**

Имајќи ги во предвид претходно утврдените проблеми во однос на нелегалното нудење на услуги за сместување во капацитети од мал обем, и оддавањето на лоша слика на градот на

повеќе локации, со оваа програмска активност се предвидува изработка и поставување на типизирани штандови, кои ќе ја имаат функцијата на туристички берзи. На нив, регистрираните приватни станоиздавачи ќе имаат можност да ги нудат своите сместувачки капацитети на организиран и достоинствен начин, со што би се вовел ред како и во нелојалната конкуренција, така и во однос на општиот одраз и впечаток кој го добиваат туристите. Овие берзи предвидено е да се постават на неколку утврдени локации, како Автобуската Станица, и други фреквентни места.

**Превиден Буџет ______________________________ 120.000,00 ден**

**1.5 Подготовка на анализа за капацитет на издржливост во туризмот (carrying capacity analysis)**

Изработката на анализа за капацитет на издржливост во туризмот претставува интегриран пристап на утврдување на менаџментот со управувањето со посетителите во одредени подрачја. Преку нејзиното изготвување ќе се утврди максималниот број на луѓе кои можат да го посетат Охрид како туристичка дестинација во исто време, без да предизвикаат уништување на физичките, економските, социо-културните аспекти на средината и без да предизвикаат неприфатливо намалување на квалитетот на задоволство на посетителите. Анализата за издржливост ќе ги опфати физичкиот, социјалниот и економскиот аспект. Со нејзина реализација значително ќе се помогне понатамошното планирање на развојот на туризмот.

**Превиден Буџет ______________________________ 60.000,00 ден**

**1.6 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем**

Оваа програмска активност предвидува субвенционирање на регистрирани и категоризирани станоиздавачи од мал обем, кои согласно законските регулативи редовно ги подмируваат обврските за исплата на Туристичка Такса. Субвенционирањето би се реализирало на полугодишна основа, по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на приватниот станоиздавач, а во период од 6 месеци. На овој начин, приватните станоиздавачи би биле охрабрени за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата на туристичката такса, како и намалување на прикривањата на нејзина уплата, кои се евидентирани во изминатиот период од сстрана на инспекциските служби. Дополнителните анализи ќе ја утврдат висината на субвенцијата, како и останатите критериуми кои ќе треба да се исполнат за да може да се добијат субвенциите.

**Превиден Буџет ______________________________ 970.000,00 ден**

**1.7 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор**

Преку оваа програмска активност се предвидува организација на серија обуки на давателите на услуги во туристичко – угостителскиот сектор. Преку нив е предвидено да се изврши стручно усовршување на одредени квалификации во однос на видот и начинот на давање на услуги во туристичкиот и угостителскиот сектор (приготвување и послужување на храна, бон тон во

угостителството, промоција и маркетинг на услугите и слично). Овие обуки ќе се организираат во соработка со Факултетот за Туризам и Угостителство, како и со други институции кои се специјализирани за оваа област. Се очекува со реализацијата на овие обуки да се подигне квалитетот на сервисот и услугите во туристичко-угостителскиот сектор.

**Превиден Буџет 30.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 1.300.000.00 ден.**

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

### 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.

Соработка со новинари од познати туристички печатени и електронски медиуми од различни земји, како од регионот така и од европските држави, заради запознавање со туристичките потенцијали на градот и регионот. Успешната промоција вклучува прифаќање на понудите за промовирање кои ги нудат познатите туристички печатени и електронски медиуми.

**Превиден Буџет 60.000,00 ден**

### 2.2 Соработка со странски туроператори.

Активноста предвидува организирана посета на Охрид на странски туроператори и странски медиуми со цел презентација на туристичките потенцијали на градот и регионот, зголемена соработка меѓу домашните туристички субјекти со странски туроператори, размена на искуства и склучување договори.

**Превиден Буџет 120.000,00 ден**

### 2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи.

Промоција на Охрид и регионот на целни туристички пазари преку туристички берзи со што ќе се остворат услови за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив. Промоциите на туристички берзи ќе се реализираат во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори.

**Превиден Буџет 850.000,00**

### 2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи од алтернативните форми на туризам

Со реализација на оваа програмска активност, ќе се овозможи активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Алтернативните форми на туризмот се најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Во склоп на реализација на оваа програмска активност, ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Манифестацијата “Охридска софра 2014”

- Фестивалот “Плашица - Вино и сирење”

**Превиден Буџет 300.000,00**

## 2.5. Организација на “ЛЕТО 2014”

Организирање манифестација “ЛЕТО 2014” која би се одржала во месец јули и би преставувала настан со културно уметничка програма на кој би се презентирала целокупната туристичка понуда и кој на симболичен начин би го одбележал почетокот на туристичката сезона во град Охрид.

**Превиден Буџет 300.000,00**

## 2.6. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда

- Изработка на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици: каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Репринт на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Изработка на промотивен ЦД материјал.
- Изработка на промотивен материјал за промоција на алтернативни форми на туризам
- Изработка на саемски банери,
- Надополување и изработка на дополнителни веб страни за промоција на туризмот.
- Изработка на видео спотови за различни сегменти на туристичката понуда: ноќен живот, култура, активен туризам, забава, гастрономија...).

**Превиден Буџет 2,800.000,00**

## 2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем

- Ажурирање и одржување на веб страна www.ohrid.com.mk,
- Поставување и одржување на инфо пултови,
- Изработка и поставување на билборди и City Light – реклами со туристички мотиви од Охрид.

**Превиден Буџет 60.000,00**

**Вкупно планиран буџет за 2: 4.490.000.00 ден.**

## 3. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

**3.1. Подготовка на проекти и проектно управување**

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.
Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 60.000,00**

**3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти, меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект**

**-** Општина Охрид, преку секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам го реализира проектот SUSTCULT заедно со градовите: Венеција, Нова Горица, Крф, Берат, Бакау и Хурези. Според динамиката за реализација на проектнтие акктивности, проектот се наоѓа во завршна фаза, а според планот на активности предвидено е одржување на финална конференција за сите учесници во проектот која ќе се одржи во Охрид.

**Превиден Буџет 1.250.000,00**

**Вкупно планиран буџет за 3: 1.310.000.00 ден.**

**4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ МИКРОПРОЕКТИ ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ, СОГЛАСНО СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – АКЦИОНИ ПЛАНОВИ 2014, И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2014.**

**4.1. Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот, согласно стратегијата за развој - подобрување на условите за сместување и квалитетот на услугите на станоиздавачите од мал обем.**

Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници и приватни станоиздавачи од мал обем.

**Превиден Буџет 900.000,00**

**Вкупно планиран буџет за 4: 900.000.00 ден.**

---

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2014:** 8.000.000,00 ден

РЕКАПИТУЛАР:

| Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 год | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Активност | | Износ |
| 1 | **1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) и управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO** | | |
| | | 1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | 0 |
| | | 1.2 Туристички информативни центри | 90.000.00 |
| | | 1.3 Одбележување (сигнализација на туристички места | 30.000.00 |
| | | 1.4 Изработка на туристички берзи | 120.000.00 |
| | | 1.5 Подготовка на анализа за капацитет на издржливост во туризмот | 60.000 |
| | | 1.6 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем | 950.000 |
| | | 1.7 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко угостителскиот сектор | 30.000 |
| | | Вкупно 1 | 1.300.000.00 |
| 2 | **2.1 Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми** | | |
| | | 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми. | 60.000.00 |
| | | 2.2 Соработка со странски туроператори | 120.000.00 |
| | | 2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи | 850.000.00 |
| | | 2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи | 300.000.00 |
| | | 2.5. Организација на “ЛЕТО 2014“, | 300.000.00 |
| | | 2.6 Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда | 2.800.000 |
| | | 2.7 Презентација на сместувачките капацитети/развој на информатички систем. | 60.000 |
| | | Вкупно 2 | 4.490.000.00 |
| 3 | **3.1 Подготовка на проекти и проектно управување** | | 60.000.00 |
| | **3.2 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти** | | 1.250.000 |
| | | Вкупно 3 | 1.310.000.00 |
| 4 | | **4.1 Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот, согласно стратегијата за развој - подобрување на условите за сместување и квалитетот на услугите на станоиздавачите од мал обем.** | 900.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | Вкупно 4 | 900.000 |
| **ВКУПНО** | | 8.000.000,00 ден |

**Број 07- 8330/26 -1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/27**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2014 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 8330/27**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

## Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА

**Вовед**

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредното учество на бизнис заедницата** и **граѓанското општество** (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнис и ќе го зголеми вработувањето.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува пред се врз основа на **Стратегијата за одржлив локален економски развој,** како и **Стратегијата за Рурален Развој** и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

## I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид за 2014 год. во износ | **3.400.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи | **180.000.00 ден** |
| | Вкупно | **3.580.000.00 ден** |

## II. НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА

Општина Охрид преку Секторот за Локален Економски Развој и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подрка на локалниот економски развој за буџетската 2014 година.

### 1.1 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

#### 1.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014.

Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници.

Предвиден буџет 900.000,00 ден

#### 1.1.2. Општинско Корисна Работа

Програмата Општинско Корисна Работа има за цел да овозможи социо економско вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено

скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.

Во проектот се ангажирани вкупно 5 лица, од кои едно лице е самохран родител и едно лице е родител на дете со посебни потреби.

Прокетот започна со имплементација на 18 Октомври и ќе трае до 17 Мај 2014 година. Вкупниот износ на средства според проектниот договор е 180.000 денари со вклучен персонален данок на доход и осигурување, распределени во шест рати кој ќе се

Предвиден буџет 180.000 ден

**1.1.3. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014 година**

Земјоделството и руралниот развој се клучните претпристапни елементи на Македонија за влезот во Европската унија. Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид претставува основен стратешки развоен документ за периодот 2014-2018 година, во кој се содржани главните стратешки цели и приоритети за развој на руралните области во Општина Охрид. Со реализација на оваа програмска активност ќе се имплементираат активности кои се во согласност со стратешките определби а се предвидени за реализација во 2014 година. Оваа програмска активност ги опфаќа следниве области на делување:

- Инфраструктурно и комунално уредување на селските средини,
- Квалитетно и целосно искористување на туристичките и стопанските потенцијали на руралните области со што би се подобрил квалитетот на живеење на селските средини,
- Урбанистички уредени селски средини со просторно-планска документација и чиста животна средина,
- Развиено земјоделство и сточарство врз база автохтона и органски здрава храна,
- Подобрување на образовните и здравствени стандарди во руралните области,
- Подобрување на спортската инфраструктура и развој на традиционални културни манифестации во руралните области.

Предвиден буџет 400.000,00 ден

**1.1.4. Поддршка на проекти и програми за рурален развој преку кофинансирање**

Реализацијата на оваа активност се планира преку поддршка на проекти и програми поврзани со инфраструктурни планови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области, (обнова на електрична мрежа, пристапни патишта до 1 км, уредување на простор, обнова на водоводни инсталации и др). Зафатите би се реализирале преку кофинансирање на проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

Предвиден буџет 300.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.1: 1.780.000,00 ден**

## 1.2. ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Реализацијата на оваа програмска активност ќе се спроведе преку давање на поддршка на постоечките претпријатија во Општина Охрид во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Охрид.
Предвидените активности се во согласност со националната развојна политика за претприемништво, Националната стратегија за развој на МСП и Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид.
Засилувањето на локалниот економски развој и зголемувањето на конкурентноста на претпријатија е планирано да се реализира преку следниве активности:

### 1.2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интензивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид

Реализацијата на оваа програмска активност ќе се одвива преку организирање и учество на форуми, презентации, саеми, и други промотивни настани во Македонија и странство, во заедничка соработка со бизнис заедницата од Охрид, Стопанските Комори и други институции од економскиот сектор. Исто така, со цел стимулирање и поттикнување на микро и мали компании од Општина Охрид, предвидено е нивно кластерско презентирање на домашни и на странски саемски манифестации во партнерство со Општина Охрид.

Предвиден буџет 100.000.00 ден

### 1.2.2. Ажурирање и печатење на брошура ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД

Брошурата ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД е предвидено да се ажурира најмалку еднаш годишно, со што сите нови податоци за локациите и инвестициските проекти би биле вметнати во новите печатени и електорнски изданија на брошурата.

Предвиден буџет 100.000.00 ден

### 1.2.3. Меѓународни партнерства

Воспоставување и одржување на партнерски односи со Европски градови и институции, со цел партнерски настап на саеми, форуми, како и подготовка и заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети како на претставници на Општината Охрид во други општини така и на нивните претставници кај нас.

Предвиден буџет 100.000.00 ден

**1.2.4. Денови на дијаспората**

Преку оваа активност ќе се спроведува осмислена дводневна програма за дружење со сонародниците што се иселени во странство. Оваа програма ќе опфаќа културни дружења, а особен акцент ќе биде даден на деловни средби и состаноци. Проектот ќе има за цел да се приберат средства (добротворни прилози од дијаспората) со која ќе се реализира некаква цел од локално значење.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.5. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет - „Совет на градски татковци“**

Со конституирањето на советот, чија цел е да претставува место на кое се води континуиран дијалог меѓу општинската власт и бизнисмените од општина Охрид се овозможува навремено препознавање на проблеми, создавање иницијативи и подобрување на вкупната економска клима и трговска понуда на градот. Состаноците на Советот е предвидено да се одржуваат најмалку еднаш месечно.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.6. Реализација на проектни активности - Проект СВГ за прекугранична соработка за одржлив економски развој во земјите на Западниот Балкан,**

Со реализација на оваа програмска активност е предвидено активно учество за стратешко планирање на регионална соработка во пограничниот регион на Преспа-Охрид_Корча. Подготовка и имплементација на програми и проекти за реагионална соработка и поттикнување на економската соработка со акцент на руралните средини во пограничната област.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.7. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**

Со оваа активност се предвидени реализација на серија на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.8. Реализација на истражување на бизнис климата во охридското стопанство (BAS – Business Attitude Survey) и изработка на Кластерски Каталог**

Целта на ова истражување е да се добијат јасни податоци за структурата, бројот, типот, видот и други особини на охридските претпријатија, со цел планирање на

идни развојни мерки за унапредување на стопанството. По завршувањето на истражувањето ќе биде изработен Кластерски Каталог кој ќе го опфати охридското стопанство по дејности, со што ќе може да се врши негова промоција.

Предвиден буџет 90.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.2: 390.000.00 ден.**

## 1.3. РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за одржлив развој на Општина Охрид, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

### 1.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива.

Активноста предвидува отпочнување на процесот за идентификација на локалните производи и услуги. Планирано е да се изврши брендирање на СЕРТИФИКАТНА МАРКА за заштита на квалитет, потекло, начин на производство и други заеднички карактеристики во однос на потеклото на одредени производи и услуги, и ТРГОВСКА МАРКА за заштита на поединечни брендови, услуги, дизајн и етикета ОХРИДСКИ, како и специфичен и уникатен слоган.

<u>Предвиден буџет 90.000.оо ден</u>

### 1.3.2. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.

Едукативните семинари ќе ги опфатат сите три Мерки од ИПАРД програмата и тоа:

- **Мерка 101** - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- **Мерка 103** - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи,
- **Мерка 302** - Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам.

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на експертите од одделението за локален економски развој, преку печатени и дигитализирани едукативни материјали и конкретни разработки на Условите за аплицирање и подготовка на Проектни примери.

<u>Предвиден буџет 0 ден</u>

### 1.3.3. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти

Преку оваа програмска активност е предвидено одржување на обуки и советувања на производителите на органска храна. Ваквите обуки и советување ќе значат подигнување на капацитетите на производителите со цел дополнително

зголемување на производството на органска храна, како и олеснување и обезбедување на нејзиниот пласман.

Предвиден буџет 0 ден

**1.3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците**

Со оваа активност се продолжуваат давањето на неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, конкурирање и искористување на домашните и на странските можности за финансирање во рамките на земјоделството, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството. Воедно, преку работењето на оваа канцеларија се овозможува издавање на потврди за користење на средствата од ИПАРД програмата.

Предвиден буџет 0 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.3. 90.000.00 ден.**

## 1.4. СРЕДСТВА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО ИМПЛЕМЕТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.

Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

1.4.1. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.**

Предвиден буџет 900.000.00 ден

1.4.2. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој.

Предвиден буџет 120.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.4. 1.020.000.00 ден.**

## 1.5. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ

За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2014 год., потребни се одредени средства кои се наопходни за реализација на истите. Овде пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2014 год.

1.5.1. Договорни обврски

Предвиден буџет 120.000.00 ден

1.5.2 Други оперативни расходи

Предвиден буџет 90.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.5. 210.000.00 ден.**

## 1.6. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЗА ТУРИЗАМ И ЛЕР.

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Секторот за туризам и Лер е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејќи се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Секторот за туризам и Лер.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

1.6.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,

Предвиден буџет 60.000.00 ден

1.6.2 Консултантски услуги за специфични проектни активности,

Предвиден буџет 30.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.6: 90.000.00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2014: 3.580.000.00 ден**

**РЕКАПИТУЛАР**

НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА

| Бр | Активност | Опис | Износ - Планирано | Износ - Одобрено |
|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | **Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата** | 1.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014 | 900.000 | |
| | | 1.1.2 Проект Општинско Корисна Работа | 180.000 | |
| | | 1.1.2. Имплементација на активности од Стратегијата за рурален развој за 2014 година | 400.000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1.1.3 Поддршка на проекти и програми за рурален развој преку кофинансирање | 300.000 | |
| | **Вкупно 1.1.** | | **1.780.000** | |
| **1.2.** | **Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија** | 1.2.1.Поттикнување на партнерстав и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интезивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид | 100.000 | |
| | | 1.2.2. Ажурирање и печатење на брошура **ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД** | 100.000 | |
| | | 1.2.3. Меѓународни партнерства | 100.000 | |
| | | 1.2.4. Денови на дијаспората | 0 | |
| | | 1.2.5. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет - „Совет на градски татковци“ | 0 | |
| | | 1.2.6.Реализација на проектни активности - Проект СВГ за прекугранична соработка за одржлив економски развој во земјите на Западниот Балкан | 0 | |
| | | 1.2.7.Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 0 | |
| | | 1.2.8Реализација на истражување на бизнис климата во охридското стопанство (BAS – Business Attitude Survey) и изработка на Кластерски Каталог | 90.000 | |
| | **Вкупно 1.2** | | **390.000** | |
| **1.3.** | **Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој** | 1.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива. | 90.000 | |
| | | 1.3.2.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој. | 0 | |
| | | 1.3.3. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти | 0 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1.3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | 0 | |
| | **Вкупно 1.3.** | | **90.000** | |
| **1.4** | **Средства за сопствено учество во имплементација на проекти** | 1.4.1 Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.** | 900.000 | |
| | | 1.4.2 Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој. | 120.000 | |
| | **Вкупно 1.4.** | | **1.020.000** | |
| **1.5.** | **Оперативни расходи и договорни услуги** | 1.5.1. Договорни услуги | 120.000 | |
| | | 1.5.2. Други оперативни расходи | 90.000 | |
| | **Вкупно 1.5.** | | **210.000** | |
| **1.6.** | **Стручно усовршување и подигање на капацитетите на вработените во Секторот за туризам и ЛЕР** | 1.6.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции, | 60.000 | |
| | | 1.6.2. Консултантски услуги за специфични проектни активности, | 30.000 | |
| | **Вкупно 1.6.** | | **90.000,00** | |
| | | | | |
| | | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2014** | **3.580.000** | |

**Број 07- 8330/27-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/28**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2014 ГОДИНА**

1. **Активности за подигање на свеста за пријавување на семејното насилство:**

- Собирање и анализа на податоци;
- Организирање на јавни трибини и советувања од стручни лица;
- Изготвување брошури и нивна дистрибуција;
- Вклучување на медиуми (информативни емисии, дебати);
- Поддршка на НВО-и кои работат на полето на семејното насилство;
- Соработка со здруженија и организации кои работат на оваа проблематика.

**-Во износ од ..............................................................100.000,00 ден.**

2. **Активности за подигање на свеста за грижа за стари лица:**

☐ Организирање работилници во училиштата и градинките за изработка на подароци;

☐ Посета на стари лица (Клуб на пензионери, семејства, болници);

☐ Организирање пригодни приредби за стари лица во соработка со училиштата и градинките;

☐ Организирање на хуманитарни акции за помош на стари лица.

**-Во износ од ...........................................................................................................100.000,00 ден.**

3. **Поддршка на деца без родители во нивниот развој низ образовниот систем:**

- ☐ Финансиска помош на деца без родители во поглед на финансирање на екскурзии, матурски и други школски прослави, патувања за натпревари и слични активности или манифестации.

**-Во износ од ..........................................................................................................................80.000,00ден.**

4. **Форуми за економско јакнење на жените:**

- ☐ Поттикнување на економската моќ на жените.

**-Во износ од ................................................................................................................ 50.000,00ден.**

**Број 07-8330/28-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2014 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/29**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА**
**За работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2014 година**

Програмата за работа на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата се темели на задачите утврдени со одлуката за формирање на Советот на општина Охрид донесена на ден 29.10.2013 година.

1. Редовни контакти со Секторот за внатрешни работи Охрид и надлежните служби кои работат на безбедноста на сообраќајот во општина Охрид.

**Цел:** обработка и анализа на податоците за да се утврдат причините за случување на сообраќајните незгоди и формирање на основа за статистичка анализа на сообраќајните незгоди по време, место и причините за случување на истите. Како резултат на анализата да се изготват мислења и предлози за намалување на неповолниот тренд на пораст на сообраќаните незгоди. Утврдување на најопасните делници од патиштата и крстосниците кои се означени како црни точки, нивно подобрување и редизајнирање.
**Време:** во текот на целата година.

2. Анализа на сигнализацијата на патиштата на подрачјето на општина Охрид

**Цел:** да се утврдат недостатоците во сигнализацијата и нивното влијание врз безбедноста на сообраќајот. Да се изготват мислења и предлози за подобрување на системот на сигнализација.
**Време:** во текот на целата година

3. Изготвување и издавање на ДВД спот или сликовници со основите за учество во сообраќајот, како и запознавање со униформираните полицајци кој го регулираат сообраќајот.

**Целна група:** Ученици во пред школски установи.

**Цел:** Елементарно запознавање на најмлада категорија учесници во сообраќајот со обележаниот пешачки премин; семафорот, определени сообраќајни знаци и полицајците кои го регулираат сообраќајот, преку раскажување, преснички, ДВД игри или сликовници.
**Време:** Април, Мај и Септември- 2014 година.

Изготвување на ДВД спот за учество во сообраќајот со велосипед и запознавање со основните сообраќајни знаци и практични примери за управување со велосипед.

**Целна група:** Ученици од основни училишта.
**Цел:** Унапредување на сообраќајното воспитување преку запознавање со основните правила за управување со велосипед, велосипедската патека, велосипедот како возило и опремата за велосипедистите.
**Време:** Март- 2014 година

Запознавање преку предавање со сообраќајните знаци и техниката на управување со велосипед со помошен мотор и мопед.

**Целна група:** Ученици од 8-мо одделение и ученици од 1-ва и 2-ра година во средните училишта.

**Цел:** Поддршка и унапредување на свеста за учество во сообраќајот на идните кандидати за возачи од националната категорија „М“ за стекнување на поголемо знаење на техниката на управување со овие возила и побезбедно учество во сообраќајот.
**Време:** Март, Април, Мај и Јуни- 2014 година.

Презентација на основните предуслови за пристапување кон возачкиот испит, потребна документација, начин и услови под кои се спроведува оспособувањето, возачки испит, возач почетник, потребна стручна литература и др.

**Целна група:** Учесници од 3-та и 4-та година во средните училишта.

**Цел:** Да се подигне нивото на предзнаење на идните кандидати за возачи за постапката на возачкиот испит, што треба да очекуваат од возачкиот испит, како да се однесуваат како возачи почетници и др.

**Време:** пред завршеток на школската година.

4. Координација со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и активно учество во натпреварите и манифестациите кои се организираат на територијата на Република Македонија.

Детски семафор -помагање на учениците за учество во натпреварот.
**Целна група:** Ученици од основните училишта.
**Цел:** Да се подигне нивото на знаење на учесниците за натпреварот преку поддршка на самите учесници и наставниот кадар кој ќе работи со нив, а со тоа и постигнување на основната цел -унапредување на сообраќајно воспитните содржини и подигање на нивото на сообраќајно техничка култура
**Време:** Април и Мај- 2014 година

5. Иницирање, подршка и помагање во организацијата на квиз натпревар од областа на сообраќајот на територијата на општина Охрид за учениците во основните училишта, ако има интерес и усогласување меѓу раководителите на училиштата.

**Целна група**: учениците од основните училишта
**Цел:** Подигање на нивото на познавањата од сообраќајот, развивање на интересот за сообраќајот и свеста за безбедно учество во сообраќајот.
**Време:** во текот на целата година.

6. Организирање и практично спроведување на поширока акција „Влијанието на брзината надвижење, алкохолот и наркотиците врз безбедноста во сообраќајот“ со предавања и медиумско маркетиншка подршка.

**Целна група:** кандидатите за возачи, новите возачи во 2-ра, 3-та и 4-та година од средните училишта ( со навршени 16 години возраст) и возачите воопшто. За кандидатите за возачи и новите возачи од средните училишта запознавањето со материјата преку предавања и презентација, а за останатите запознавањето преку медиумите.
**Цел:** Со прикажување на примери да се запознаат идните и сегашни возачи со последиците од користење на алкохол, наркотици и други замејни средства за време на возењето, како и возењето со неприспособена брзина на движење. Зголемување на вниманието и свеста за самозаштита при учество во сообраќајот.
**Време:** Декември-2013 година и Мај-2014 година.

7. Координација со општинската организација на Црвен крст од Охрид за организирање акција за постапка при сообраќајна незгода.

**Целна група:** сите учесници во сообраќајот кои можат да присуствуваат на настанот.
**Цел:** во симулирана сообраќајна незгода да се прикаже постапката за укажување помош на лица повредени сообраќајна незгода. Со таков пристап кон повредените да се подигне свеста за укажување помош на учесниците во незгодата, односно повредените лица.
**Време:** Мај или Јуни-2014 година.

8. Остварување на соработкат6а со авто школите на територијата на општина Охрид.

**Целна група**: сите авто школи
**Цел:** обработка и анализа на проблемите во сообраќајот на авто школите, помагање на авто школите во примената на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштатаи подзаконските

акти, помагање за набавка на опрема, нагледни средстваи стручна литература за теоретска подготовка на кандидатите за возачи и др.
**Време:** во текот на целата година

9. Остварување на соработка со станиците за технички преглед на возилата, транспортните претпријатија, сопственици на возила со кои се врши јавен превоз на патници на домашни и странски линии.

**Целна група:** правните и физичките лица преку здруженијата кои се занимаваат со техничката исправност на возилата и правните и физички лица кои вршат превоз на материјални добра илица.
**Цел:** Важност на технички исправните возила за безбедноста во сообраќајот на патиштата, запознавање со условите за регистрација на возилата, анализа на состојбите во сообраќајот од аспект на превозниците, проблемите при превозот, запознавање со регулативата која се применува си сл.

Во контекст на запознавање на граѓаните за потребата од технички исправни возила во сообраќајот организирање и учество во акцијата „Технички исправно возило-поголема безбедност во сообраќајот“ како медиумска кампања.
**Време:** во текот на целата година.

10. Соработка со пензионерските здруженија на подрачјетона општина Охрид и издавање на „Потсетникот за возење на повозрасни возачи“,

**Целни групи:** возачи над 65 години возраст.
**Цел:**укажување на намалената психофизичка состојба,опасности ипоследици од тоа, утврдување на намалувањето на способноста за возење, потсетување на некои прописи за правилата во сообраќајот, учество во сообраќајот како возачи на велосипеди и сл.
**Време:** Април или Мај-2014 година

11. Реафирмација и практично учество на училишните сообраќајни патроли во регулирањето на сообраќајот.

**Целна група:** младенци кои ги исполнуваат условите предвидени со Закон.
**Цел:** да се започне со реализација на сообраќајните училишни патроли, особено во летниот период не само за регулирање на сообраќајот, туку да се оспособат да им даваат на домашните и странските туристи основниинформации, превенствено за сообраќајот на подрачјето на општината.
**Време:** Мај и Јуни- 2014 година

12. Поттикнување и одржување на заеднички средби со советите забезбедност од другите општини на територијата на Република Македонија.

**Цел:** размена на професионални искуства за унапредување на работењето на советите забезбедност на сообраќајот на патиштата.
**Време:** во текот на целата година

13. За презентација напревентивните акции изработка на ДВД-спотови, набавка на прирачници за едукација од областа на прописите за правилата во сообраќајот, првенствено наменети за учесниците во квиз натпреварите и другите натпревари на локално и национално ниво, како и за најактивните присутни при предавања. Издавање на потсетникот за повозрасни возачи, изготвување на флаери за помасовни акции и сл.

**Целна група:** сите целни групи спомнати во програмата.
**Цел:** подигнување на нивото на знаење од областа на сообраќајот на целните групи, а особено на учесниците во натпреварите.
**Време:** во текот на целата година.

14. Во функција на следење на научните достигнувања и нивната примена на подрачјето на општина Охрид организирање на советување со Техничкиот факултет од Битола- насока сообраќај.

**Целна група:** членовите на советот, овластени лица кои се занимаваат со сообраќајот од општина Охрид, претставници од Секторот за внатрешни работи во Охриди други поединции нситуции чија дејност е сообраќајот.
**Цел:** унапредување назнаењето и примена на научните достигнувања од областа на сообраќајот кои се достапни на подрачјето на републиката.
**Време:** во договор со факултетот.

15. Остварување соработка со домашни странски организации и институции кои се занимаваат со безбедноста во сообраќајот и безбедноста воопшто.

**Целна група:** сите организации и институции кои се заинтересирани за таква соработка.
**Цел:** барање за интелектуална и материјална подршка за реализација на програмата на советот.
**Време:** во текот на целата година.

16. Одржување редовни контакти и соработка со средствата за јавно информирање, известувањеза сите активности на Советот и покани за активно следење на настаните предвидени со програмата на Советот.

**Целна група**: сите средства за јавно информирање кои ќе пројават интерес за соработка со Советот.
**Цел:** информирање на јавноста за мерките за унапредување на безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општината, како и спроведување на пошироки кампањи за подигање на свеста на пошироката јавност за учество во сообраќајот, опасностите и последиците кои настануваат при тоа.
**Време:** во текот на целата година.

17. Во соработка со Советот на општината и Градоначалникот на град Охрид изготвување на финансиска програма за средствата потребни да се реализира програмата и проектите на Советот за безбедност, надоместок за Претседателот и члeновите на Советот за

безбеденост на сообраќајот ( дневни и патни трошоц), елементарни технички помагала и сл.

Средствата за финансиска подршка за работа на општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид, ќе се користат според следните потреби:

1. Компјутер за подготовка, обработка и презентација на материјалите од работењето на советот-----------------------------------------------------------------------------------------------------20.000 денари
2. За обезбедување на постојана комуникација со граѓаните и стручните служби од областа на сообраќајот со цел прибирање и обработка на податоци од интерес на работата на советот, изготвување веб страна----------------------------------------------------------------------------9.000 денари
3. Авторски хонорар за подготовка на флаери за ученици од предшколска возраст и ученици од основните училишта-------------------------------------------------------------------------------5.000 денари
4. Печатење на флаери со различна содржина од областа на сообраќајот ( 1троделен примерок 4.72 ден со вклучен ДДВ) 2000 примероци------------------------------------------------------9.440 денари
5. Авторски хонорар за подготовка на сликовници и боенка за учениците од предшколска возраст---------------------------------------------------------------------------------------------------------7.000 денари
6. 6.Печатење на сликовници и боенка ( 1 примерок 10 страни по цена од 17.7 денари со вклучен ДДВ) 1000 примероци----------------------------------------------------------------------------17.700 денари
7. Изготвување на ДВД матерјал ( подготовка, снимање, нарација и копирање) за управување со велосипед и велосипед со помошен мотор за ученици од основните училишта- 100 копии --------------------------------------------------------------------------------------------------------------15.000 денари
8. Набавка на прирачници за подршка во подготовката на учесниците во натпреварот на „Детски семафор“ и какодел од наградите за учество во натпреварите како квиз натпреварите и другите натпревари на локално и национално ниво- ( 350 ден. Примерок со ДДВ) 50 примероци-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------17.500 денари
9. Награден фонд за учесниците во натпреварите----------------------------------------------30.000 денари
10. Трошоци сврзани за советување организирани од општинскиот совет за безбедност во сообраќајот-------------------------------------------------------------------------------------20.000 денари
11. Месечен надоместок за членовите на советот на име дневни трошоци во износ од1000 денари ( 13 члена X 1000 ден) за 2014 година вкупно------------------------------------------------156.000 денари

---

**Вкупно: 306.640 денари**

Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата преку сопствени проекти ќе обезбеди и дополнителни средства за техничка поддршка и дополнување на Програмата.

**Број 07-8330/29-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВ ПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2014 ГОД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за финансиските потреби на територијалната против пожарна единица Охрид за 2014 год , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/30**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2014 година .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/30**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

## ПРОГРАМА
## за финансиските потреби на ТППЕ Охрид
## за 2014 година

Заради нормално и ефикасно изврШување на функциите во заШтитата од пожари во ОпШтина Охрид, согласно Законот за пожарникарство, Законот за заштита и спасување и Прирачникот за заШтита и спасување на граЃаните и материјалните добра и противпожарната заШтита, за ТППЕ - Охрид за **2014** година, се планираат следните финансиски потреби

**1. Финансиски потреби за вработените во ТППЕ - Охрид:**

| Рб. б. | Вид на финансиска потреба | Вкупно (денари) |
|---|---|---|
| 1 | Канцелариски материјали | 3,600.00 |
| 2 | Тековно одржување на ПП возила, пумпи, генератори и друга опрема (регистрација на возилата, гориво, мазиво, средства за ладење, поправки и друго) | 220,000.00 |
| 3 | Комунални троШоци (електрична енергија, греење, вода, смет, телефонски и други услуги) | 100,000.00 |
| 4 | Тековно одржување на објектот и инвентарот (одржување на инсталациите, градежните делови на објектот, варосување, одржување на ел. апарати и друго) | 50,000.00 |
| 5 | Набавка на облека и обувки (зимска униформа, летна униформа, ветровки, коШули, полувери, маици, капи, чевли, чизми и друга пропиШана облека) и набавка на лична заШтитна опрема (пожарникарски Шлем, заШтитно одело, пожарникарски ремен со прибор, заШтитан маска, пожарникарски чизми и друга пропиШана опрема) | 1,400,000.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Набавка на противпожарана опрема и средства за гаснење на пожари (без финансиски средства за ПП возила) | 500,000.00 | |
| 7 | Непредвидени троШоци (големи дефекти на ПП возила и другата опрема, зголемен број на интервенции и друго) | 200,000.00 | |
| 8 | Колективно осигурување на работниците согласно Законот за пожарникарство | 110,400.00 | |
| | **ВКУПНО:** | **2,584,000.00** | |
| | | | |
| Напомена: Во вкупниот износ не се пресметани средствата за плата на | | | |
| | вработените во ТППЕ Охрид | | |

**Број 07-8330/30-1**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ЗА 2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа на советот за заштита на потрошувачите за 2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година.

**Број 08-8330/31**
**30.12.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ЗА 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа на Советот за заштита на потрошувачите за 2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-8330/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

## ПРОГРАМА
## ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2014 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Заштитата на потрошувачите во современите развиени демократски опште-ства е препознаена како едно од правата во корпусот на права на човекот и граѓанинот и како такво се вбројува во правата со највисок приоритет кои секоја држава е должна да ги заштитува низ правниот систем и соодветните политики.

